**ММ РЕВИЗИЈА ТП - РАДОВИШ**
**078/572-048, 078/326-051**
mmrevizija.mk; info@mmrevizija.mk

Во согласност со член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ бр. 158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16,83/18 и 122/21), ТП ММ Ревизија Радовиш, го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА

## I.ОПИС НА ПРАВНА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ

### а) Основни податоци

| | |
|---|---|
| Целосен назив на субјектот : | **Трговец Поединец ММ РЕВИЗИЈА Стојна Станој Здравева ТП Радовиш** |
| Седиште : | **ул. Илија Алексов број 102 Радовиш** |
| Опис на правната форма : | **Трговец Поединец, ТП** |
| Датум, место на основање, регистрација и држава: | **11.05.2007 година, Радовиш, Република Северна Македонија** |
| Регистарски број во регистарот на овластени ревизори-Трговци Поединци при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија: | **ТП004** |
| Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата и датум на издавање : | **07, 25 Ноември 2013 година** |

### б) Број на вработени

- Број на вработени на ден 31 Март 2023 година: 2 лица на неопределено полно работно време.
- Број на вработени на ден 31 Декември 2022 година: 2 лица на неопределено полно работно време.

**в) Опис на сопственичка структура**
- Сопственик: Стојна Здравева.

**г) Приоритетна дејност/главна приходна шифра**
- 69.20- Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

**д) Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**
- Сума на покривање по штетен настан : 7.380.000,00 денари.
- Број на полиса: 130080012139.
- Осигурителна компанија : Осигурителна Полиса АД Скопје.
- Период на осигурување: од 14.11.2022 година до 14.11.2023 година.

## II.ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА СУБЈЕКТОТ

ММ Ревизија ТП Радовиш делува како овластен ревизор на територијата на Република Северна Македонија и не припаѓа во некои професионални мрежи . Канцеларијата е основана и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот на Република Северна Македонија.

## III.ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА

Управител на ММ Ревизија ТП Радовиш е Стојна Здравева, овластен ревизор.

## IV. СПИСОК НА УСЛУГИТЕ КОИ ГИ НУДИ ММ Ревизија ТП-Радовиш
- Ревизорски услуги
- Проценителски услуги

## V.ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ММ РЕВИЗИЈА ТП РАДОВИШ И ИЗЈАВА ЗА ЕФИКАСНОСТА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОВОЈ СИСТЕМ

Политиката на ММ Ревизија ТП Радовиш е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива, како и одржување на висок степен на професионално знаење.
Врз основа на барањата на Законот за ревизија , ММ Ревизија ТП Радовиш има усвоено Прирачник за контрола на квалитет на ревизиите кои се извршуваат од ММ Ревизија ТП Радовиш, кој е подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет дефинирани во Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.
Прирачникот за контрола на квалитет на ревизиите кои се извршуваат од

## VI. ОПИС И ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНО РАБОТЕЊЕ НА РЕВИЗОРОТ

ММ Ревизија ТП Радовиш посебно внимание и придава на независноста, а со тоа и на проверка на сите ситуации каде е можно загрозување на независноста и довербата во ревизорската работа.
Независноста ја разбираме со исполнување на следниве критериуми:

- Чесност и објективност
- Професионална стручност и должно внимание
- Избегнување на етички судири со клиентите
- Доверливост
- Професионално однесување
- Почитување на барањата од Стандардите за етика.

Цениме дека независноста на ревизорот е загрозена во следниве случаи:

- Доколку истовремено освен ревизорски услуги на клиентот му обезбедуваат и сметководствени услуги и /или процентелски услуги и судски вештачења.
- Ако членови на ревизорскиот тим се во блиско сродство со некои од раководството на клиентот.
- Ако било кој од ревизорскиот персонал има било каков финансиски интерес од клиентот или е вклучен во управувачките и надзорни структури во органите на клиентот.
- Ако еден ист ревизорски тим 5 години по ред врши ревизија кај ист клиент.

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа:
По пат на изјави, на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договори за ревизија, пред назначување на членовите на конкретен ревизорски тим, а членовите на ревизорскиот тим во одлуките за назначување се предупредени да го известат управителот доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната независност.
**( Прилог 2: Изјава)**

## VII. ОПИС И ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ММ РЕВИЗИЈА ТП-РАДОВИШ ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Согласно одредбите од Законот за ревизија овластениот ревизор во текот на 2022 година има посетено обука од 42 часа во рамките на редовното континуираното професионално усовршување организирано од страна на ИОРРСМ.
Во рамките на ММ Ревизија ТП Радовиш, за вработените континуирано се врши интерна едукација од страна на овластениот ревизор .
**( Прилог 3: Изјава)**

## VIII.ДАТУМОТ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО ЧЛЕН 20-а ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Период кога е извршена контролата : од 20-ти февруари до 23-ри февруари 2023 година.
- Период за кој се однесува контролата : Ревизорски ангажмани за годината што завршува на 31 декември 2021 година.
- Предмет на контролата: Оценка на системот на внатрешна контрола на ММ Ревизија ТП Радовиш и проверка на конкретни ангажмани.

## IX.СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

| Ред. бр. | НАЗИВ НА СУБЈЕКТОТ | ЗАКОНСКИ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ |
|---|---|---|
| 1. | Алекс-3 ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 2. | Алма ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 3. | Јагјемезлер ДООЕЛ Штип | единечни |
| 4. | Амор Компани ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 5. | Алфа Инжинеринг ДООЕЛ Скопје | единечни и консолидирани |
| 6. | Еко Циркон ДОО Скопје | единечни и консолидирани |
| 7. | ЈП ХС Злетовица Пробиштип | единечни |
| 8. | Кинг-Слот ДООЕЛ Виница | единечни |
| 9. | Компани Моневи ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 10. | Топ Базар ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 11. | Нова Еко База ДОО Штип | единечни |
| 12. | Ибис Осигурување АД Струмица | единечни |
| 13. | Сити Казино ДООЕЛ Кочани | единечни и консолидирани |
| 14. | Сити Клуб ДООЕЛ Кочани | единечни |
| 15. | Коле-Транс Инжинеринг ДОО Штип | единечни |

| Ред. бр. | НАЗИВ НА СУБЈЕКТОТ | ДОГОВОРНИ РЕВИЗИИ |
|---|---|---|
| 1. | Здружение Џуниор Ачивмент Македонија Скопје | годишна сметка |
| 2. | Елецтро Десигн ДООЕЛ Битола | за неподнесена годишна сметка |
| 3. | Здружение КУЛТ ТРАНЗЕН Струмица | годишна сметка |

## X.ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОД РЕВИЗИЈАТА И ОД ДРУГИ НЕРЕВИЗОРСКИ УСЛУГИ

| **Вкупен приход во 2022 година :** | **2.302.571,00 денари** | |
|---|---|---|
| Поделба на приходот по услуги | **( во денари)** | **(во %)** |
| | | |
| - Приходи од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки: | 1.936.719,00 | 84% |
| | | |
| - Проценителски услуги | 365.852,00 | 16 % |
| **Вкупно :** | **2.302.571,00** | **100 %** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен приход во 2021 година:** | **2.518.252,00 денари** | |
| | | |
| Поделба на приходот по услуги | **(во денари)** | **(во %)** |
| | | |
| - Приход од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки: | 2.251.249,00 | 89 % |
| | | |
| - Даночни и советодавни услуги: | 99.009,00 | 4 % |
| | | |
| -Други неревизорски услуги | 167.994,00 | 7 % |
| **Вкупно :** | **2.518.252,00** | **100%** |

## XI. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Основата по која се утврдува надоместокот за извршената услуга од страна на овластениот ревизор се уредува во интерните акти донесени од ТП.

Хонорарот се утврдува врз основа на големината на субјектот чии што финансиски извештаи се предмет на ревизија, планираните работни часови за извршување на ангажманот и потребниот број на извршители во тимот. Хонорарот се зголемува за дополнителните трошоци поврзани со самиот ангажман.

Радовиш, 31-ви март 2023 година

ТП ММ Ревизија
Овластен ревизор
Стојна Здравева

## ММ РЕВИЗИЈА ТП Радовиш - ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2022

ММ Ревизија ТП Радовиш е подготвен согласно барањата на:

- МСКК 1 - Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1, и
- МРС 220 - Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на ММ Ревизија ТП Радовиш да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека ММ Ревизија ТП Радовиш и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои ТП ги издава се соодветни на дадени околности.
Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на ТП
- Релевантните етички барања
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфичните ангажмани
- Човечки ресурси
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување.

МСР 220 се однесува на одговорностите на ММ Ревизија ТП Радовиш и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.

Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на ММ Ревизија ТП Радовиш е управителот-овластен ревизор кој во името на ТП ММ Ревизија ТП Радовиш ги потпишува ревизорските извештаи.

Управителот на ММ Ревизија ТП Радовиш донесува програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење внатрешна контрола на квалитетот. Политиките и процедурите на внатрешниот систем на контрола на квалитет вклучуваат континуирана проверка на системот на контрола на квалитет, заедно со периодичната контрола на конкретни завршени ангажмани.
Периодичната проверка вклучува проверка на најмалку еден ангажман за периодот кој се испитува, а се врши најмалку еднаш годишно. Начинот на кој е организиран системот на проверка зависи од следниве фактори: бројот на ангажмани во периодот, резултатите од претходната проверка, природата и комплексноста на ангажманите во однос на ризикот поврзан со клиентите и специфичноста на ангажманите.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, ММ Ревизија ТП-Радовиш, доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитет на ревизиите кои се извршуваат од ММ Ревизија ТП Радовиш, како на ниво на трговец поединец така и на ниво на поединечните ангажмани.
**( Прилог 1: Изјава)**

**ПРИЛОГ 1**

# ИЗЈАВА
## за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ММ РЕВИЗИЈА ТП- Радовиш

Одговорниот за квалитетот на ревизиите, управителот на ММ Ревизија ТП- Радовиш, Изјавува дека системот на контрола на квалитет на ММ Ревизија ТП- Радовиш функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека ММ Ревизија ТП и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Радовиш, 31-ви март 2023 година

ММ Ревизија ТП
Стојна Здравева, овластен ревизор

**ПРИЛОГ 2**

## ИЗЈАВА
## за постоење интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на ММ РЕВИЗИЈА ТП- Радовиш

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, ММ Ревизија ТП-Радовиш, има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите вработени во ММ Ревизија ТП- Радовиш да бидат објективни и независни од сите ревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти.
Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или неможат да се извршат од страна на ММ Ревизија ТП -Радовиш како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на ММ Ревизија ТП-Радовиш во проценувањето на потенцијалните конфликти на интереси во работата која ќе ја извршуваат членовите во ревизорскиот тим.
Усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост го задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет и истите доследно се спроведуваат.

Радовиш, 31-ви март 2023 година

ММ Ревизија ТП- Радовиш
Управител
Стојна Здравева, овластен ревизор,

ТП ММ РЕВИЗИЈА

**ПРИЛОГ 3**

# ИЗЈАВА

**за политиката што ја следи**
**ММ Ревизија ТП –Радовиш**
**за**
**континуирана едукација на овластениот ревизор**

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки а согласно член 28 од Законот за ревизија, овластениот ревизор-Трговец поединец има развиено политики за:

- Континуирана едукација на овластениот ревизор во рамките на Институтот за овластени ревизори на РСМ .
- Перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консалтинг куќи од Македонија.
- Консултации во рамки на ММ Ревизија ТП-Радовиш , како и со надворешни соработници.

ММ Ревизија ТП- Радовиш, потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет и истите од година во година доследно ги применува.

Радовиш, 31-ви март 2023 година

ММ Ревизија ТП
Управител,
Стојна Здравева, овластен ревизор,